ЗЕЛС

# ЕФЕКТИТЕ ОД ЕКОНОМСКАТА И ФИНАНСИСКАТА КРИЗА ВРЗ ОПШТИНИТЕ

# Вовед

Од септември 2008, глобалната финансиска и економска криза направи нејзиното влијание да се почуствува се повеќе врз европските градови и региони. Зголемен број на локални и регионални власти се најдоа погодени од кредитниот стисок и опаѓачките ресурси во време кога многу од нивните граѓани се соочуваат со економски проблеми како последица на рецесијата и никој не може да предвиди што ќе биде целосниот опсег и траење на постоечката криза.

Со цел да се процени влијанието на финансиската и економската криза врз локалните власти, Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) спроведе анкета помеѓу нејзините членки, во март-април 2012. Ова беше направено за да придонесе на дискусијата за финансиската и економската криза, како и нејзиното влијание, ЗЕЛС како чадор организација на македонските општини го превзема овој обид за да ги мапира ефектите на кризата врз локалните власти во Република Македонија. Ние ги прашавме нашите членки да ни дадат мислења и прелиминарни анализи за директното влијание врз нивната односна општина и да ги презентираат нивните посебни активности во поглед на кризата. Многу од нив обезбедија вредни информации за нивните активности и лобирањето на националната влада.

Анкетниот прашалник беше доставен неколку пати по електронски пат до сите општини во Република Македонија, односно до 84 општини плус Градот Скопје. Исто така, со цел да се зголеми процентот на општини кои одговориле на прашалникот, по неговото доставување следеше телефонско јавување до сите општини за да се пополни прашалникот. На прашалникот одговорија 49 општини (58%).

Анкетниот прашалник требаше да се потполни од самите општини и се состоеше од комбинација на седум затворени и четири отворени прашања. Затворените прашања беа анализирани со помош на СПСС (Статистички пакет за општествени науки), додека врз отворените прашања се примени квалитативна анализа на податоците.

**Обработка на прашалници**

***Униваријантни статистики***

Од целиот примерок кој се состои од 49 општини скоро е ист бројот на урбани и рурални општини кои што учествувале во истражувањето. Односно, 25 општини (51%) се рурални, додека 24 општини (49%) се урбани.

Како што може да се види од Табелата 1 мнозинството од општини имаат изјавено дека се погодени од економската и финансиската криза. Поточно, 47 општини (95,9%) се погодени од кризата, а 2 општини (4,1%) изјавиле дека не се погодени од кризата.

| **Табела 1** | | |
|---|---|---|
| **Дали вашата општина е погодена од економската и финансиската криза** | | |
| | Фреквенција | Процент |
| Да | 47 | 95,9 |
| Не | 2 | 4,1 |
| Вкупно | 49 | 100,0 |

Во поглед на тоа како се погодени сопствените извори на приходи од економската и финансиската криза, најголем дел од општините сметаат дека овие извори се имаат зголемено, тоа се вкупно 22 општини (48,9%). Следната категорија се општините кои сметаат дека средствата се имаат намалено, вкупно 19 општини (42,2%). Последната категорија ја сочинуваат општините кај кои нема промени, 4 општини (8,9%)

| **Табела 2** | | |
|---|---|---|
| **Сопствени извори на приходи** | | |
| | Фреквенција | Процент |
| Зголемен | 22 | 48,9 |
| Намален | 19 | 42,2 |
| Нема промена | 4 | 8,9 |
| Вкупно | 45 | 100,0 |




Како што може да се види од табелата 3, ист број на општини сметаат дека економската и финансиската криза или не извршила промена или ги зголемила нивните приходи од персонален данок на доход. Најмалата група од 10 општини (22,7%) смета дека овој приход е намален.

| Табела 3 | | |
|---|---|---|
| Персонален данок на доход | | |
| | Фреквентност | Процент |
| Нема промена | 17 | 38,6 |
| Зголемен | 17 | 38,6 |
| Намален | 10 | 22,7 |
| Вкупно | 44 | 100,0 |




Како што може да се види од Табелата 4, најголем дел од општините 21 (55,3%) сметаат дека приходите по основ на донации се имаат намалено. Следните две групи се блиску со бројките, групата која смета дека нема промени изнесува 9 општини (23,7%), додека оние кои сметаат дека е зголемен е 8 општини (21,1%). 11 општини немаат одговорено на прашањето.

| **Табела 4** | | |
|---|---|---|
| **Донации** | | |
| | Фреквентност | Процент |
| Намален | 21 | 55,3 |
| Нема промена | 9 | 23,7 |
| Зголемен | 8 | 21,1 |
| Вкупно | 38 | 100,0 |




Како што може да се забележи од Табела 5, најголем дел од општините 18 (48,6%) сметаат дека капиталните дотации се намалени. Следната група по бројност 12 (32,4%) има пријавено дека нема промени. Додека последната група од 7 општини (18,9%) смета дека се имаат зголемено капиталните дотации. 12 општини немаат одговорено на прашањето.

| **Табела 5** | | |
|---|---|---|
| **Капитални дотации** | | |
| | Фреквентност | Процент |
| Намален | 18 | 48,6 |
| Нема промена | 12 | 32,4 |
| Зголемен | 7 | 18,9 |
| Вкупно | 37 | 100,0 |




Како што може да се види од табелата 6, ист број на општини смета дека економската и финансиската криза или немала влијание или ги намалила дотациите за делегирана надлежност. Значи, 11 општини сметаат дека нема промена, и исто толку сметаат дека овие дотации се намалени. Во третата група се општините 9 кај кои се има зголемено овој приход. 16 општини немаат одговорено на прашањето, што укажува можеби на ситуација во која општините немаат ваков вид на приходи.

| Табела 6 | | |
|---|---|---|
| **Дотации за делегирана надлежност** | | |
| | Фреквентност | Процент |
| Нема промена | 11 | 35,5 |
| Намален | 11 | 35,5 |
| Зголемен | 9 | 29,0 |
| Вкупно | 31 | 100,0 |




***Биваријантни статистики***

1. Фактот дали општината е рурална или урбана се чини дека нема ефект на тоа дали општината е погодена од економската криза или не. Во примерокот од 49 општини, 96% од руралните општини биле погодени од економската криза, додека 95,8 од урбаните биле погодени од економската криза. Crosstabulation chi-square тестот беше направен за да ја види врската помеѓу урбана/рурална општина и погоденоста од економската криза. Не беа пронајдении статистички значајни разлики во нивото на погоденост на општините од економската криза во зависност од тоа дали оштината е рурална или урбана ($X^2$ (1)=0.001, p>.05).

2. Дали станува збор за урбана или рурална општина се чини дека има мал ефект врз сопствените извори на приходи. Во примерокот од 49 општини, 13% од руралните општини немаат промена кога станува збор за сопствените извори на приходи, додека тоа е случај кај 4,5% од урбаните општини. 54% од урбаните општини имаат известено дека сопствените приходи се имаат зголемено,  истото го имаат изјавено 43,5 од руралните општини. Намален е приходот кај 40,9 урбани општини и 43,5 рурални општини. Crosstabulation chi-square тестот беше направен за да ја види врската помеѓу урбана/рурална општина и погоденоста на сопствените извори на приходи. Не беа пронајдении статистички значајни разлики во нивото на погоденост на општините од економската криза во зависност од тоа дали оштината е рурална или урбана ($X^2$ (1)=1,213, p>.05).

3. Карактеристиката урбана/рурална општина изгледа дека има ефект врз приходот од персонален данок на доход. 45% проценти од урбаните општини немаат промена во персоналниот данок на доход, додека тоа е случај со 31,8% од руралните општини. Зголемен е приходот по овој основ кај 40,9% урбани општини и кај 36,4 рурални општини. На крај, овој приход е намален кај 31,8% рурални општини, за разлика од 13,6% кај урбаните општини. Crosstabulation chi-square тестот беше направен за да ја види врската помеѓу урбана/рурална општина и погоденоста на персоналниот данок на доход. Не беа пронајдении статистички значајни разлики во нивото на погоденост на општините од економската криза во зависност од тоа дали оштината е рурална или урбана ($X^2$ (1)=2,188, p>.05).

4. Дали станува збор за урбана или рурална општина се чини дека нема некој посебен ефект врз донациите. Кога станува збор за урбаните општини 21,1% немаат промена во поглед на донациите, додека тоа е случај со 26,3% ор руралните општини. Зголемување на донациите пријавиле 21,1% од урбаните, и исто толкав процент 21,1% пријавиле руралните. На крај, 57,9% од урбаните општини рекле дека нивните приходи од донациите се намалени, додека тоа е случај со 52,6% од руралните општини. Crosstabulation chi-square тестот беше направен за да ја види врската помеѓу урбана/рурална општина и погоденоста на донациите.Не беа пронајдении статистички значајни разлики во нивото на погоденост на донациите од економската криза во зависност од тоа дали оштината е рурална или урбана ($X^2$ (1)=0,159, p>.05).

5. Дали станува збор за урбана или рурална општина се чини дека има ефект врз капиталните дотации. Нема промена во капиталните дотации кај 36,8% од руралните општини, додека кај 27,8% од урбаните општини тоа е случај. Зголемени капитални дотации пријавиле 31,6% од руралните општини и 5,6% од урбаните. Намалени капитални дотации имаат 66,7% од урбаните општини, додека намалувањето кај руралните е 31,6%. Crosstabulation chi-square тестот беше направен за да ја види врската помеѓу урбана/рурална општина и погоденоста на капиталните дотации. Не беа пронајдении статистички значајни разлики во нивото на погоденост на капиталните дотации во зависност од тоа дали оштината е рурална или урбана ($X^2$ (1)=5,882, p>.05).

6. Дали станува збор за урбана или рурална општина се чини дека има ефект врз дотациите за делегирана надлежност. Дека нема промена во дотациите за делегирана надлежност изјавиле 37,5% од руралните општини, додека тоа е случај кај 33,3% од урбаните општини. Зголемување пријавиле 37,5% од руралните општини, тоа го направиле 20% од урбаните општини. На крај, намалени се донациите за делегирана надлежност кај 46,7% од урбаните општини, додека тоа е случај кај 25,5% од руралните

општини.  Crosstabulation chi-square тестот беше направен за да ја види врската помеѓу урбана/рурална општина и погоденоста на дотациите за делегирана надлежност. Не беа пронајдении статистички значајни разлики во нивото на погоденост дотациите за делегирана надлежност во зависност од тоа дали оштината е рурална или урбана ($X^2$ (1)=1,879, p>.05).

***Квалитативна анализа***

Единиците на локална самоуправа беа замолени да одговорат на следниве отворени прашања:

- Кои мерки ги има превземено вашата општина за да се справи со економската и финансиската криза?
- Што мислите дека ЗЕЛС треба да превземе за да им помогне на општините кои се соочуваат со финансиската и економската криза?
- Дали постојат активности кои би сакале ЗЕЛС да ги превземе во однос на владата за да таа да им помогне на општините кои се соочуваат со финансиската и економската криза?
- Дали имате препораки кои би сакале ЗЕЛС да ги пренесе до донаторите во поглед на потребната поддршка од нивна страна за општините кои се соочуваат со финансиската и економската криза?

**1. Кои мерки ги има превземено вашата општина за да се справи со економската и финансиската криза?**

Одговорите кои општините ги имаат дадено во поглед на мерките кои ги имаат превземено за да се справат со економската и финансиката криза може да се поделат во неколку групи: мерки за зголемување на сопствените приходи, штедење, непревземање мерки и други мерки кои општините ги имаат превземено.

**Сопствени приходи**

*Зголемување на сопствените приходи*

27 општини имаат изјавено дека имаат превземено активности за зголемување на сопствените приходи. Една општина применила навремена достава на решенија за данок на имот, фирмарина и комунална такса. Додека, две општини имаат доставено опомени до должниците.

*Присилна наплата*

Седум општини, имаат пристапено кон присилна наплата на сопствените извори на финансирање. Три општини имаат превземено мерки за наплата на стариот долг, со што ги имаат зголемено сопствените извори на приходи.

*Иновативни мерки за зголемување на сопствените приходи*

15 општини имаат превземено иновативни мерки за да ги зголемат сопствените приходи. Седум општини имаат пристапено кон барање на донации и инвестиции од домашни и странски институции. Две општини имаат аплицирано на проекти со цел да се зголемат приходите со кои би се создале услови за повеќе капитални инвестиции. Една општина, изготвува основни градежни проекти во повеќе области се со цел да создаде поголеми можности за аплицирање кај донаторите и ресорните министерства за добивање на дополнителни средства од донации и капитални дотации за финансирање на проекти од областа на инфраструктурата на општината. Четири општини имаат превземено зголемени активности за привлекување на инвеститори.

Шест општини имаат воведено олеснителни мерки со цел да ја зголемат наплатата на сопствените приходи, на пр, една општина овозможила плаќање на обврските спрема општините на рати. Друга општина го има намалено износот кој што правните лица – обврзници по основ на фирмарина го плаќаат на годишно ниво, додека трета општина ја намалила комуналната такса за градба. Една општина размислува да се намали износот за истакнување на фирма од 6.000 денари на 4.000 денари, со цел да се овозможи реалниот сектор поредовно да ги измирува обврските и да се избегне мерката на присилна наплата. Две општини со олеснителните мерки се стремат да отворат нови работни места. На пр. една од овие две општини планира да ја постигне таа цел преку ослободување од надоместокот за уредување на градежно земјиште, додека другата дава поволности при изградбата за привлекување на инвеститори.

Три општини имаат извршено репроценка на данок на имот, додека една општина има извршено репроценка на даночните обврзници.

Две од општините ги зголемиле своите извори на приходи преку продажба на општински имот. Други мерки кои општините ги имаат наведено како средства преку кои ги зголемуваат сопствените приходи се: една општина применила медиумска кампања и информирање на даночните обврзници за редовно плаќање на даночните обврски, како и градежна експанзија. Друга општина, преку програмата за подобрување условите за престој на гостите настојува да се создадат подобри услови за да, и покрај економската криза, имаат повеќе посетители со што ќе се зголеми надоместокот по основа за такса за престој и ќе се подобри економската моќ на угостителско-туристичките субјекти а со тоа и на самата општина. Трета општина има превземено лобирачки активности до ЗЕЛС и надлежните институции за да ги добие средствата кои му следуваат. Четврта општина ги има зголемено своите приходи преку легализација на бесправно изградените објекти.

## Штедење

24 општини имаат воведено мерки на штедење во поглед на тековните трошоци. Мерките можат да се поделат во *неколку* категории. Во првата категорија ги опфаќа неплаќањето или намалувањето на трошоците за репрезентации, патни и дневни трошоци за службени патувања. Една општина има воведено мерка за неодржување на “никакви прослави по повод новогодишни или други празници на сметка на општинскиот буџет”. Во втората категорија, спаѓа заштедата на режиските трошоци како струја, вода, телефон, греење, како и канцелариски материјали. Во третата категорија, наведена од три општини, спаѓаат замрзнувањата на вработувањата во општинската администрација или пак нивно сведување на минимум, како и мораториумот на унапредување на работа.

Овие мерки директно кореспондираат со препораките кои владата ги упати до општините во поглед на мерките кои тие треба да ги превземат за да се справат со економската и финансиската криза. Две општини експлицитно имаат наведено дека ги применуваат препораките од Владата за справување со економската и финансиската криза.

Две општини ги имаат намалено тековно оперативните трошоци за сметка на капиталните инвестиции. Мерките за справување со економската и финансиската криза што една од овие општини ги превземала се однесуваа на тоа што ги намалила тековно-оперативните трошоци кои изнесуваат само 19,66% од вкупните расходи за сметка на капиталните инвестиции кои изнесуваат 56,41% од вкупните расходи.

Заштедата на енергијата се спроведува и со други мерки, на пример една општина има извршено замена на светилките за јавно осветлување со економични сијалици, додека друга општина го спроведува проект за гасификација.

## Нема превземено мерки

Две општини немаат превземено никакви мерки за да се справат со економската криза. Една од овие две општини веќе подолг временски период е со блокирана сметка, што е причина да не може да превземе ништо во врска со економската криза.

## Други мерки кои општините ги имаат превземено

Меѓу останатите мерки кои општините ги имаат споменато дека ги имаат превземено се и одлагање на реализација на некои проекти, намалување на степенот на капиталните инвестиции, кредитно задолжување за капитално инвестирање, континуиран мониторинг и плаќање на обврските за буџетските корисници, не превземање на обврски поголеми од можностите, збратимување со општини – членки на ЕУ, зголемување на делот од капитални инвестици од буџетот, зголемување на делот од финансирање на проекти од јавен интерес од буџетот, зголемување на ставката на социјална помош за 100%, ангажирање на невработени лица во јавни работи на сите нивоа.

**2. Што мислите дека ЗЕЛС треба да превземе за да им помогне на општините кои се соочуваат со финансиската и економската криза?**

**3. Дали постојат активности кои би сакале ЗЕЛС да ги превземе во однос на владата за да таа да им помогне на општините кои се соочуваат со финансиската и економската криза?**

Најголем дел од општините кога беа прашани во четвртото прашање од прашалникот кои мерки ЗЕЛС треба да ги превземе за да им помогне на општините кои се соочуваат со кризата одговорија дека се тоа мерки кои би биле насочени спрема владата. Петото прашање во прашалникот пак бараше од општините да посочат активности кои би сакале ЗЕЛС да ги превземе во однос на владата за да таа им помогне на општините кои се соочуваат со финансиската и економската криза. Од тие причини, прашањето 4 и 5 од прашалникот ќе бидат анализирани заедно во моментите кога одговорите се преклопуваат, односно се однесуваат на мерки кои ЗЕЛС треба да ги превземе во однос на владата.

Одговорите на општините во поглед на активностите кои ЗЕЛС треба да ги превземе во однос на владата може да се поделат во неколку категории: зголемување на приходите, навремено и целосно префрлање на средствата, лобирање, блокирани општини, банки, ЕВН, кофинансирање и други мерки кои ЗЕЛС треба да ги превземе.

**Зголемување на приходите**

32 општина од 49 (65%) кои учествуаа во оваа истражување имаат наведено дека ЗЕЛС треба да превземе активности насочени кон владата со цел да се зголемат сопствените приходи на општините по различни основи.

26 од анкетираните општини пред се сакаат да видат ЗЕЛС да превземе активности за да се зголеми процентот кој што општините го добиваат по основ на данок на додадена вредност (ДДВ). Одредени општини имаат и конкретни предлози, на пр. Предлаг од една општина да ДДВ се зголеми од 4 на 6%. Две општини сакаат да се измени начинот на распределба на ДДВ и да не биде според бројот на жители. Една од овие општини предлага факторот рурална општина да се земе во предвид, додека другата предлага да се земе во предвид фактот дека во нејзината општина има 700 викенд куќи и 150 гарсоњери во кои сопствениците престојуваат поголем дел од годината, така да надоместокот по основ на жителство да биде поголем.

Осум општини сметаат дека ЗЕЛС треба да настојува да се зголеми процентот на персонален данок на доход кој се пренесува на општините. Две општини сметаат дека персоналниот данок треба во целост да се отстапи на општините како изворен приход.

14 општини сметаат дека ЗЕЛС треба да делува во насока на зголемување на блок дотациите за извршување на делегираните надлежности. Посебно се истакнува потребата од зголемување на дотациите за образованието. Додека, шест општини сметаат дека треба да се зголемат капиталните дотации.

Четири општини сметаат дека треба да се зголеми делот на средства од Агенцијата за државни патишта. Две општини сметаат дека одреден процент од концесиите од земјоделско земјиште треба да се дадат на општините.

### Навремено и целосно префрлање на средствата

12 Општини имаат истакнато дека е потребно ЗЕЛС да интервенира кај владата со цел навремено и целосно трансферирање на блок дотациите и ДДВто на општините.

### Лобирање

14 општини посебен акцент ставија на лобирањето од страна на ЗЕЛС до владата, со цел да ги заштити интересите на општините и да биде нивниот глас. Понатака, да иницира предлози до владата за промена на законските прописи и другите акти во корист на општините, на пр. една општина смета тоа треба да се прави посебно во однос на законите со кои се намалуваат приходите, како што бил случајот со законот за комунални такси и законот за административни такси. Друга општина смета дека треба да се организира заеднички состанок помеѓу претставниците на ЗЕЛС и владата. Три општини посебно ја истакнаа потребата од лобирање на Министерството за финансии. Една од овие три општини смета дека ова министерство треба да се лобира за да се овозможи општините да земат заем со поволни услови, како и да се обезбеди согласност за кредит. Додека, друга од овие општини сака односното министерство да ги исполни своите законски обврски согласно Законот за финансирање на општините.

### Блокирани општини

Четири општини чии сметки се блокирани сметаат дека ЗЕЛС треба да се ангажира околу деблокирање на нивните сметки. Една општина смета дека треба да се изнајде начин за одложено плаќање на долговите на општините кои се блокирани подолг временски период и дека треба да се издејствува отпис на каматата на долгот за кој се блокирани. Додека друга општина смета дека ЗЕЛС треба да се инволвира за да се обезбеди одобрување на позајмица од републичкиот буџет со цел деблокада на сметката.

### Банки

Три општини сметаат дека ЗЕЛС треба да делува во однос на обезбедување на поволни услови во комерцијалните банки за задолжување.

**ЕВН**

Две општини ја истакнаа потребата од превземање мерки во однос на ЕВН. Според една општина „за долговите за струја, кои се на товар на општините според извештајот на ЕВН, да се подготви специјална Комисија при ЗЕЛС, заедно со Државниот Завод за Ревизија и со Министерството за економија, да се направи контрола на Извештаите кои ЕВН им ги праќа на јавните институции (општините, училиштата и др.), но исто така да се направат и напори, училиштата и градинките, пошто се јавни институции, да се променат цените за киловат кои се оптоваруваат со цени исто како и индустриските субјекти. „ Другата општина согледува поинаков проблем кога станува збор за ЕВН и бара да се решат „проблемите со ЕВН кои ги имаат бизинис секторот, со кои се условуваат со високи такси за приклучување на нивната електрична мрежа.„

**Кофинансирање**

Една општина предлага „основање на револвинг фонд преку кој ќе може да се користат средства за реализација на проекти за кои е потребно ко-финансирање како и за проекти кои се обезбедени врз основа на грант, но за кои исплатата треба најнапред да ја обезбедат општините а потоа да направат поврат ок (IPA CBC и IPARD).„ Друга општина исто така ја истакнува потребата за пронаоѓање на соодветни решенија за финансирање и реализација на капитални проекти кои бараат кофинансирање.

**Други мерки кои ЗЕЛС треба да ги превземе**

Две општини сметаат дека треба да се зголеми и прошират видовите на обуки за државните и јавните службеници. Една од овие две општини посебно би ја ценела обуката на општинската администрација која работи во областа на администрирање на сопствените приходи на општината. Додека другата смета дека треба да се доекипира и обучи канцеларијата за врски во Брисел за привлекување на средства од фондовите на ЕУ.

Во поглед на тоа што ЗЕЛС би требало да превземе за да им се помогне на општините кои се соочуваат со финансиската и економската криза добиени се изолирани сугестии. Една општина смета дека треба да им се помогне на општините кои наследиле лоша финансиска состојба од претходниот период и неподготвени ја дочекале финансиската криза, како и да се даде помош во репрограмирањето на долговите се со цел да се стабилизираат состојбите и нејзиното функционирање. Друга општина сугерира дека ЗЕЛС треба да иницира формирање на Фондови за воедначување меѓу регионите во Република Македонија за да се надминат разликите кои постојат помеѓу нив. Трета општина би сакала да добива повеќе информации кои се од корист за општините со цел да се искористат сите средства и начини за надминување на кризата. Четврта општина би ценела доколку ЗЕЛС може да

им помогне во промоција на нивната општина и чистата еколошка средина, со цел да се унапреди селскиот туризам. Петта општина смета дека ЗЕЛС треба повеќе да се консултираа со општините за надминување и заедничко решавање на проблемите со економската и финансиската криза.  Шеста општина сака да се одобри позајмица на општините кои имаат проблеми со ликвидноста. Седма општина смета дека ЗЕЛС треба да делува за да владата ги прошири своите конкретни активности кон општините за подобрување на условите за отварање и одржување на бизниси. Осма општина смета дека треба да се изврши истражување за целокупниот процент на намалување на приходите во сите ЕЛС.

**Други активности кои ЗЕЛС треба да ги превземево однос на владата**

Во однос на прашањето дали постојат активности кои би сакале ЗЕЛС да ги превземе во однос на владата за да таа им помогне на општините кои се соочуваат со финансиската и економската криза, беа дадени одговори кои беа карактеристични само за една општина. Една општина смета дека ЗЕЛС треба да делува во насока на репрограмирање на долговите кон владините институции, агенции и фондови. Друга општина сака да види отпис на каматите по побарувања од јавни претпријатија во сопственост на државата. Две општини сметаат дека треба да се воведат нови извори на приходи, на пр. општините да одлучуваат за доделување на концесиите за природните богатства и суровини, замјоделско земјиште, концесија за лов и риболов. Една општина би сакала ЗЕЛС „да ја иницира потребата за фискална децентрализација на што повисоко ниво за да општините имаат финансиска моќ со цел да ги исполнат бројните потреби на своите граѓани.„ Друга општина смета дека ЗЕЛС треба да иницира донесување на пофлексибилен закон за задолжување на општините и да иницира донесување на јасен закон за јавно приватно партнерство. Трета општина смета дека ЗЕЛС треба да превземе иницијативи за подобрување на инфраструктурата за локалниот економски развој. Четврта општина би сакала ЗЕЛС да изработи Студија за генералната состојба на локалните самоуправи со давање на релевантни препораки за намалување на диспаритетите.

## 4. Дали имате препораки кои би сакале ЗЕЛС да ги пренесе до донаторите во поглед на потребната поддршка од нивна страна за општините кои се соочуваат со финансиската и економската криза?

Препораките кои единиците на локалната самоуправа сакаат ЗЕЛС да ги пренесе до донаторите за да им помогнат да се справат со финансиската и економската криза може да се поделат во неколку групи: значителни финансиски средства, презентирање на можностите на општината, пофлексибилни правила, кофинансирање и други мерки.

### Значителни финансиски средства

Десет општини сметаат дека ЗЕЛС во однос на донаторите треба да лобира да тие потпомогнат проекти за кои се потребни значителни финансиски средства. Четири општини се на мислење дека донаторите треба да финансираат инфраструктурни проекти. Една од тие општини смета дека повеќе средства треба да се даваат за инфраструктура, посебно за заштита на животната средина, односно за изградба на системи за канализација и пречистителни станици. Во друга општина се на мислење дека со оглед на тоа дека 70% од општините се соочуваат со проблемот со снабдување со вода, добредојдена би била донаторска помош во оваа област. Трета општина инфраструктурните проблеми ги поврзува со решавање на проблемите околу водоснабдувањето канализација, асфалтирање на локални патишта и улици. Понатаму, да се најде донатор за заштита на водите на Преспанското Езеро со приоритет за изградба на фекална канализација во сите населени селски населби и туристички локалитети.

Четири општини сакаат донаторите да овозможат помош за капитални објекти/инвестиции. Две општини сметаат дека донаторите треба да ги поддржуваат проекти кои ги спроведуваат општините од аспект на локалниот економски развој. Една општина смета дека донаторите треба да се потикнат за поголемо учество во проекти од јавен интерес со кои се остварува нивната општествена одговорност.

### Презентирање на можностите на општините

Со оглед на тоа дека ЗЕЛС е во постојан контакт со донаторите, седум општини сметаат дека ЗЕЛС треба да ги презентира можностите за инвестирање во општините пред донаторите. Понатаму ЗЕЛС треба да ги запознае донаторите за предизвиците со кои се соочуваат општините, со цел да ги увери дека е потребна помош и ЗЕЛС да биде гарант за ефикасно искористување на дадените донации. На крај, ЗЕЛС треба постојано да ги известува општините за можните конкурси кај донаторите.

### Пофлексибилни правила

Пет општини сметаат дека ЗЕЛС треба да издејствува да донаторите ги намалат нивните критериуми и да ги поедностават постапките за добивање на донации. На пр. една од вие општини вели дека донаторите треба да бидат флексибилни при евалуација по основ на критериумите за финансиските капацитети на помалите и послабите општини и да не се отфрлаат нивните апликации априори и воопшто да не се разгледуваат ако имаат блокирана сметка.

### Кофинансирање

Четири општини сметаат дека ЗЕЛС треба да делува во насока донаторите да им помогнат на општините да обезбедат средства за кофинансирање кога се аплицира за добивање на одредени проекти, односно донаторите да ги обезбедат средствата за кофинансирање.

**Други мерки кои ЗЕЛС треба да ги превземе кон донаторите**

Кај ова прашање имаше и изолирани предлози. Една општина смета дека донациите треба да стигаат директно во општината а не во министерствата. Друга општина е на мислење дека донаторите добро ја завршуваат својата работа. Трета општина смета дека имајќи ги во предвид одалеченоста од другите поголеми центри и лошата инфраструктура тешко да донаторите можат да и помогнат на таа општина. Четврта општина гледа потреба од организирање меѓународни конференции.